ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 08.04.2011

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## ХРОНИЧНА РЕЦЕПТА

Во врска со пропишувањето и издавањето на лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (позитивна листа), Фондот ја информира јавноста дека **не е променето правото лекарот за осигурено лице со хронично заболување при една посета да пропише лекови за терапија до 90 дена.**

Со цел прецизирање на начинот на пропишување на лекови на рецепт од позитивната листа од страна на лекарите, како и на издавањето на лековите во аптеките, оваа година во соработка со Лекарската комора и Фармацевтската комора на Македонија со договорите за 2011/2012 година се појаснува дека за хронични болести може да се пропишуваат лекови кои ќе обезбедат терапија за 90 дена, односно за секои 30 дена поединечно, а на рецептниот образец се назначува **датумот соодветно од месецот за кој се однесува терапијата**. Така пропишаниот рецепт важи 30 дена, сметано од датумот назначен на рецептот како датум на пропишување.

**Пример:** Доколку осигуреник со хронично заболување го посетил лекарот на ден 01.04.2011 година, лекарот може да пропише лекови на рецепт за 90 дена на следниот начин:

- за првите 30 дена – датумот ќе биде 01.04.2011 година,
- за вторите 30 дена – датумот ќе биде 01.05.2011година,
- за третите 30 дена – датумот ќе биде 31.05.2011 година.

**Осигурениците имаат право да ги знаат сите можности.** Здравствените работници треба да ја извршат својата обврска и да ги информираат осигурениците за сите права и можности.

Бранко Аџигогов
Портпарол